РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-1624/4
21.11.2019

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава со наводи за постоење на судир на интереси од познат подносител, на 24 - та седница одржана на ден 15 ноември 2019 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-1624/1 од 18.03.2019 година доставена од познат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-1624/1 од 18.03.2019 година.

Предметот со број 09-1624/1 од 18.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-1624/1 од 18.03.2019 година е оформен врз основа на пријава од познат пријавител, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, против судија во Управен суд.

Во пријавата е наведено дека судијата во Управниот суд има морално, етички и правен судир со потписникот на оспорено решение пред Управниот суд поради што и се води истата постапка.

При разгледувањето на содржината на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека пријавата нема доволно елементи врз основа на кои Државната комисија може да постапува по своја надлежност, а меѓудругото се работи за предмет за кој што се води управна постапка пред Управниот суд, со што надлежни органи веќе постапуваат за разрешување на истиот.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk